# Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

## Факултет за медицински науки- Дентална медицина

# Херпетичен гингивостоматит кај деца

Автор:Марија Хаџи-Василева|Коавтор:Христијан Ризоски
Ментор: асс. д-р. Сања Нашкова

Оралната празнина има мултифакторијално значење и потребно е да се истражува и превенира секаква појава на промени и болести во истата.Здрава усна празнина и здраво забало е идеал на секој стоматолог во светот.

__Цел:__ Си поставивме за цел да ја обработиме болеста наречена херпетичен гингивостоматит која има голем замав најмногу кај децата под 6 годишна возраст преку презентирање на прашалник,кој ги опфаќа основните прашања за како да се постапува со оваа инфекција.Херпетичниот гингивостоматит е вирусна инфекција на оралната мукоза предизвикана од herpes simplex virus. Клинички се манифестира со интраорални и екстраорални знаци и симптоми




Материјал и метод: Прашалникот се состои од следните прашања:

1. *Дали детето заболено со херпетичен стоматитис треба да се хоспитализира?*
2. Дали треба да се ординира антивирусна медикаментација?
3. Дали треба да се ординираат антибиотици?
4. Дали ова дете ќе има повторна епизода од овој тип на инфекција во одреден временски период?

Резултати: Според обработката на многу студии и истражувањата на голем број автори, е откриено дека :

1. Хоспитализирањето на детето е потребно доколку постои ризик од дехидратација поради неможноста на примање на доволно течности. Ова е ретка појава, но стоматологот треба да им посочи на родителите да го охрабруваат детето да прима колку што е можно поголема количина на течности, а истото се однесува и на полесна храна.
2. Препишувањето на антивирусни лекови е спорно,и вообичаената пракса укажува дека ацикловирот е ефективен во текот на првите 72 часа од појавата на инфекцијата.Во реалноста,многу мал дел од пациентите го посетуваат стоматологот во овој временски период, но и дел од нив најпрво го посетуваат нивниот матичен лекар,а потоа стоматологот.Acyclovir-от е секогаш оправдан за користење кај имуносупресивни деца.
3. Не постои индикација за антибиотски лекови кај херпетичниот стоматитис,бидејќи тоа е вирусна инфекција.
4. Пациентите нема да имаат повторна епизода од оваа форма на инфекција.Но, ќе бидат изложени на рекурентниранички кои ќе се појават во зависност од тоа кои нервни патишта биле зафатени со инфекцијата.

Заклучок:Според горенаведените резултати може да се заклучи дека за време на инфекцијата потребно е да се внимава на исхраната и внесот на течности,што значи дека терапијата е симптоматска, но сепак треба да се вклучи и правилната орална хигиена,како и испирањето со водички за плакнење на уста.За намалување на болка може да се ординира аспирин или парацетамол.Многу е битно детето да се јави на стоматолог на почетокот на

